# THE OHRID ARCHBISHOPRIC – IN THE PAST AND TODAY

**Metropolitan Josif (Todorovski), PhD**
Macedonian Orthodox Church

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Апстракт

Овој труд во својата содржина накратко ја опфаќа целокупната историјата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), нагласувајќи го фактот дека таа не е нова црква, туку дека таа е легитимна наследничка и продолжителка на Охридската архиепископија, која по долгата и непрекината борба на македонскиот православен народ по цели 200 години од нејзиното укинување, во 1967 година беше возобновена во лицето на Македонската православна црква. Во трудот е нагласена и нераскинливата поврзаност на Охридската архиепископија со традициите на постарата црковна организација на македонските простори – Јустинијана Прима, а исто така значаен дел завзема и поновата современа историја на МПЦ-ОА.

**Клучни зборови:** Охридска архиепископија (ОА); Македонска православна црква (МПЦ); Македонска православна Црква – Охридска архиепископија (МПЦ – ОА); Светиот архиерејски собор (САС); Патријаршија; Архиепископија; патријарх; архиепископ; митрополит; епископ; обнова, автокефалност, автономија, црковно прашање, признавање, развој.

**Theme/s:** Church History, History of Macedonia.

**Митрополит Тетовско-гостиварски**

**г. д-р Јосиф (Тодоровски)**

## ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО МИНАТОТО И ДЕНЕС

Охридската архиепископија има голема и богата историја. Таа како духовна институција во континуитет, како во минатото, така и по нејзиното возобновување и денес како Македонска православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) игра голема улога во просветувањето на македонскиот православен народ во државата и во дијаспората, како и на другите православни народи, кои живеат на територијата на нејзината јуриздикција. За опстојот и дејноста на оваа наша Црква помеѓу православните Помесни цркви досега многумина наши и световни научници напишале повеќе трудови и книги, од кои можеме да дознаеме и да извлечеме повеќе податоци за историјата на оваа наша Црква, која е специфична и испреплетена и со световната, а особено со нашата национална историја. Како Митрополит на МПЦ-ОА ќе се обидам преку овој научен труд да ги изложам историските факти и преку нив и да го пренесам моето гледиште и став за историјата и улогата на оваа значајна црква, која за нас претставува вековен чувар на верата. Затоа Македонскиот народ е особено горд дека за своја духовна мајка ја има Охридската архиепископија, црква со длабоки традиции и преданија, црква на простори, кои биле христијанизирани уште во апостолско време[1].

Во 2018 година нашата Црква и држава го одбележа големиот јубилеј 1000 години од издавањето на повелбите (хрисовулите) на византискиот император Василиј II (958-1025) со кои црковно-канонски беше потврден легимитетот на Охридска Архиепископија како автокефална црква[2]. Всушност во 1018 година, по паѓањето на Самоиловото Царство под византиска власт со трите повелби на Охридската

[1] Михаил Гогов, *Нашето Свето Православие (Кратка историја на Македонската православна црква)*, Скопје, 1996, 6.
[2] Ѓоко Ѓорѓевски, *Теологијата на Охридските архиепископи*, Предавања на 51 Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2018 година), Скопје, 2019, 89.

архиепископија и биле потврдени нејзините права и привилегии, како и нејзиниот самостоен статус во рамки на Византиската империја. Со дадените повелби во суштина императорот Василиј II потврдил дека ја продолжува црковната организација воведена од цар Самоил (958-1014), која според некои историчари само ја симнал од патријаршиски на архиепископски ранг[3]. Познатиот византиски хроничар Јован Скилица подоцна напишал дека Василиј II „сакал работите во Архиепископијата да останат на иста основа и да се администрираат на начин како што тоа го одредил Самоил“[4]. Во таа насока треба да бидат сфатени одлуките на императорот Василиј II, кој го задржал нејзиниот автокефален статус[5]. Охридската архиепископија не само што останала независна црква во однос на Константинополската патријаршија, туку таа постанала една од највлијателните православни помесни цркви[6]. Сходно на Самоиловата политика и Василиј II мудро ја подредил Охридската архиепископија под своја власт, односно под власт на византискиот император и си го задржал правото да поставува архиепископ. Охридските архиепископи биле бирани од страна на византискиот император, а биле потврдувани и хиротонисани од Синодот на Охридската архиепископија, што укажува на незината автокефалност и на нејзината духовна сувереност.[7] На тој начин Василиј II со привилегиите што и ги дал на Охридската архиепископија преку повелбите тој ја остварувал и својата политичка стратегија да го приврзе македонските словени кон Византија, давајќи им посебни права преку Охридската архиепископија[8]. Некои историчари укажуваат дека Василиј II при издавањето на повелбите на барање на тогашниот Архиепископ охридски Јован (1018-1037), истите ги издал инспириран од 11 и 131 новела на царот Јустинијан I со кои била основана и уредена автокефалната црква Јустинијана Прима. Во таа насока води и толкувањето на текстот на византискиот автор Јован Скилица од страна на деволскиот епископ Михаил во XII век, кој црковната идеологија спороведувана од Василиј II ја сметал за поврзување на Охридската архиепископија со Јустинијана

---

[3] Славко Димевски, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје, 1989, 95.

[4] Митко Панов, *Самуиловата црква – Охридската архиепископија и идеолошкиот судир со Византија*, Премин, Септември/Октомври, двоброј 161/162, година XXII, 2022, 5.

[5] Stojko Stojkov, New Reality and New Perceptions in Byzantine Balkans, Самоиловата држава илјада години потоа (1018-2018), Комитет за византологија и медиевистика, Скопје, 2022, 130.

[6] Драган Зајковски, *Краток преглед на историјатот на Охридската Архиепископија*, достапно на: https://religija.mk/kratok-pregled-na-istorijatot-na-ohridskata-arhiepiskopija/, пристапено на: 15. 01. 2024.

[7] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2018, 29.

[8] Славко Димевски, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје 1989, 95.

Прима. Според историчарот проф. д-р Митко Панов „оваа интерполација на Михаил Деволски може да се земе како потврда за постарото потекло и независниот статус на Охридската архиепископија, а не како референца за нејзиното поистоветување со Бугарската патријаршија...“[9]. Познатата историчарка, Ангелики Деликари, пак смета дека со потегот на Василиј II Охридската архиепископија добила аналоген статус со оној на Кипарската архиепископија, додека нејзината катедра градот Охрид се постоиветувал со познатата епископија Лихнида уште од пред IV век[10]. Тоа нејзино тврдење изворно доаѓа од Нил Доксопатрид[11], кој своевремено завземал високи црковни позиции во Константинопол.[12]

Пред 1018 година Охридската црква непречено функционирала во рамки на Самоиловата држава (976-1014. Она што е сосема јасно е дека Охридската архиепископија, а подоцна и патријаршија во согласност со потребите на својата државотворна политика започнал да ја организира Самоил, кој длабоко свесен за богатото црковно наследство на македонските територии организирањето на црквата во својата средновековна држава му било стремеж од највисоко значење. Вешто тактизирајќи измеѓу Истокот и Западот, помеѓу Костантинопол и Рим, Самоил успеал најпрво во Преспа да ја изгради својата престолнина ги пренесе моштите на светиот Ахил од Лариса во црквата која ја изградил[13]. Подоцна пак под влијание на населението и на веќе постојниот култ на светиот Климент Охридски, кој што само пред нешто повеќе од 50 години дејствувал како учител и Епископ во Охрид, Самоил „основал нова словенска црква, подоцна позната како Охридска архиепископија, врз учењето на свети Ахил и врз црковните традиции на светиот Климент Охридски“[14]. Нашиот историчар, проф. д-р Александар Атанасовски во едно свое излагање во однос на Самоиловата Охридска архиепископија го нагласува следното: „Охридската

---

[9] Митко Панов, *Охридската архиепископија како духовно јадро на Македонија и црковно средиште на Балканот*, Премин, Октомври/Ноември, двоброј 171/172, година XXIII, 2023, 4-5.

[10] Ангелики Деликари, *1000 години од основањето на Охридската архиепископија*, достапно на: https://poa-info.org/cont.php?l=mk&r=biblioteka&p=crkovnaistorija&d=20180927.html, пристапено на: 15. 01. 2024.

[11] Види повеќе во: *Византијски извори за историју народа Југославије*, Византијски институт, том 3 (књига 10), Београд, 1966, 362-365.

[12] Митко Панов, *Охридската архиепископија како духовно јадро на Македонија и црковно средиште на Балканот*, Премин, Октомври/Ноември, двоброј 171/172, година XXIII, 2023, 5-6.

[13] Огнен Бојаџиски, *Хронологија на Охридската архиепископија*, Загреб, 1994, 53.

[14] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2018, 28.

архиепископија не е никакво продолжение на Бугарската патријаршија[15]“. Тој ова тврдење го образложува со постапката на бугарскиот цар Иван Асен II, кој во 1235 година го иницирал создавањето на Трновската патријаршија и на тој начин ја отфрлил дотогашната јуриздикцијата на Охридската архиепископија врз неговото царство, бидејќи не ја чуствувале за своја црква. Единствено македонскиот народ секогаш ја чуствувал Охридската архиепископија за своја црква. Тоа несомнено се потврдува од безбројните обиди истата да се возобнови после нејзиното неканонско укинување. Само македонскиот народ се трудел постојано таа да биде возобновена и успеал во тоа во 1958 година за време на Вториот македонски црковно-народен собор во Охрид. Постојат и многу други факти, кои укажуваат дека Охридската архиепископија не е никакво продолжение на Бугарската патријаршија. Тоа тврдење не е ниту еклисиолошки издржано, бидејќи и да е точно тврдењето за тоа дека доростолскиот патријарх, преселувајќи се да пристигнал во Охрид, сепак тоа не е никаков доказ дека ја пренесол со себе и Бугарската патријаршија. Според православнот учење за структурата на Православната црква, неможно е да се прифати дека со селењето на доростолскиот патријарх се преселила и Доростолската патријаршија,[16] која била укината и потчинета на Константинополската патријаршија во 971 година.

Охридската архиепископија своето постоење го темели на севкупното светотаинско предание и во својата историска ризница го содржи црковно наследство на македонските простори создавано уште од ширењето на христијанството во време на апостолскиот период, од страна на апостолот Павле, покрстувањето на Лидија од Македонија, која била права христијанка во Европа, потоа преку раното христијанство и првите епископии и митрополии на овие простори, каде со текот на времето се создала и првата Архиепископија позната како Јустинијана Прима, па покрстувањето на Словените и нивното описменување од страна на рамноапостолните сесловенските учители Кирил и Методиј и мисијата на светитот Климент помеѓу македонските Словени, на светиот Наум и нивните ученици. Делото на Светиот Климент Охридски, кој е втор апостол Павле за Македонија е од особено значење за организирањето на Охридската архиепископија од страна на Самоил како посебна црква со свои белези и

---

[15] Александар Атанасовски, *Охридската архиепископија не е никакво продолжение на Бугарската патријаршија*, достапно на https://www.expres.mk/atanasovski-ohridskata-arhiepiskopija-ne-e-nikakvo-prodolzhenie-na-bugarskata-patrijarshija-koja-od-971-972-godina-e-ukinata-i-ne-postoi/, пристапено на: 16. 01. 2024.

[16] Митрополит Јован, *Кратка историја на Охридската архиепископија*, Охрид, 2007, 21.

традиции. Свети Климентовата дејност во Охрид како Епископ со титула Велички во суштина ги удрила темелите на словенската Охридска црква[17]. Тоа особено го потенцирал и познатиот Архиепископ охридски Теофилакт, кој преку повикувањето на изворните традициии поврзани со светиот Климент, чиј култ бил присутен во колективната меморија и црковните традиции, во суштина сакал да ја потенцира посебноста на Охридската архиепископија[18]. Големиот познавач на историјата на Охридската архиепископија, охриѓанецот Иван Снегаров, во предговорот на вториот том од неговата Историја на Охриската архиепископија, напишал: „Драгоцен плод на величественото дрво, посадено од свети Климент Охридски во Македонија е Охридската архиепископија – патријаршија“[19]. Поради целокупното негово дело светиот Климент со право се смета за патрон и основоположник на Охридската архиепископија. Неговито дело било инспирација црковниот живот на овие простори да се издигне и тоа набрзо кога се создале услови и се случило со организирањето на посебна автокефална Црква во Самоиловото царство со свои карактеристики, преставувајќи подолг временски период вистинска црковна сила помеѓу Истокот и Западот.

Светиклиментовата Охридска архиепископија во време на Самоил била издигната во степен на патријаршија. Нема сигурни извори за годината кога Самоил бил прогласен за цар и кога Охридската црква била подигната во патријаршија[20]. Се смета дека Самоил и првиот престојател на црквата во неговата држава – Гаврил (Герман), бидејќи признавањето на црквата не можело да пристигне од Константинопол поради честите војни, побарале признавање од Римскиот престол[21]. По пренесувањето на црковното седиште од островот Свети Ахил во Охрид, најверојатно за време на претстојателот Филип (992-999), Охридската архиепископија,

[17] Ѓоко Ѓорѓевски, *Теологијата на Охридските архиепископи*, Предавања на 51 Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2018 година), Скопје, 2019, 89.

[18] Митко Панов, *Охридската архиепископија како духовно јадро на Македонија и црковно средиште на Балканот*, Премин, Октомври/Ноември, двоброј 171/172, година XXIII, 2023, 5.

[19] Драган Зајковски, *По повод 250 години од укинувањето на Охридската архиепископија (1767-2017) и 50 години од прогласувањето на автокефалната Охридска архиепископија (1967-2017)*, Огледало, двоброј 8/9, 32.

[20] Славко Димевски, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје 1989, 81.

[21] За контекст на ова пишува и Деликари: „За време на царувањето (се мисли на Самоил) веројатно епископите биле под црковна јуриздикција на Римската црква“ – Angeliki Delikari, Die situation in Nord – West Makedonien wahrend der regierung des Basileios II., die sogennante kirche des zaren Samuel and die grundung des erzbistums von Ochrid, Европейският югоизток през втората половина на X – началото на XI век, История и култура, София 2015, 243

според повеќе историчари била подигната во ранг на патријаршија, а Самоил бил крунисан за цар. Под јуриздикција на патријаршијата се наоѓале околу 20 епископии, според границите на Самоиловото Царство[22], а по неговото паѓање под византиска власт Охридската патријаршија била реорганизирана со повелбите како што посочивме погоре од страна на византискиот император Василиј II.

Византискиот император во својата прва царска повелба, снижувајќи го рангот на Охридската црква од патријаршија во архиепископија, го поставил монахот Јован Дебранин за архиепископ на Охридската архиеископија[23]. Тој како прв архиепископ во византиската епоха е познат како основач и ктитор на Бигорскиот манастир. Неговиот, пак наследник на охридскиот трон, архиепископот Лав I на темели од постара базилика ја подигнал црквата „Света Софија" во Охрид, која до ден денес е катедрален храм на охридските архиепископи. На чело на Охридската архиепископија во византиската епоха биле и познатите охридски архиепископи: блажениот Теофилакт и Јован IV Комнен, кој бил и првиот охридски архиепископ за кого постои писмен доказ дека се титулирал и како архиепископ на Јустинијана Прима, сакајќи да го прикаже постариот континуитет на Охридската архиепископија[24], која според многу историчари води потекло и е идентична со Архиепископијата Јустинијана Прима, која била основана од императорот Јустинијан I во 535 година[25]. Охридските архиепископи, почнувајќи од времето на Теофилакт често се повикувале на постарото потекло на Охридската архиепископија и директно ја поврзувале со Јустинијана Прима, на тој начин обезбедувајќи поцврсти аргументи „во оправдувањето на старите црковни права на Охридската архиепископија, преку што била дополнително легитимирана нејзината автокефалност и независност од Константинополската патријаршија"[26].

Охридската архиепископија својот најголем подем и зенит го доживува во византиската епоха. Постојано развивајќи се таа создала голема историја, која според историчарот Иван Снегаров: „Историјата на Охридската црква е историја на

[22] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2018, 28.

[23] Кирил Деловски, *Јован Дебранин како Архиепископ Охридски и прв ктитор на Свештената Бигорска Обител*, достапно на https://bigorski.org.mk/istoriski-temi/jovan-debranin-kako-arhiepiskop-ohridski-i-prv-ktitor-na-sveshtenata-bigorska-obitel/ , пристапено на: 16. 01. 2024.

[24] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2018, 31.

[25] Види повеќе кај: Јован Белчовски, *Традициите на Архиепископијата Јустинијана Прима во Охридската архиепископија*, Јубилеен зборник на ПБФ „Свети Климент Охридски", Скопје 2006, 49.

[26] Митко Панов, *Охридската архиепископија како духовно јадро на Македонија и црковно средиште на Балканот*, Премин, Октомври/Ноември, двоброј 171/172, година XXIII, 2023, стр. 5.

осумвековна духовна независност , би рекол на духовна сувереност на Македонија... Автономсниот дух на Македонија, но е рожба на нејзиниот историски живот. Тој бил развиван од афтокефалната Охридска црква“[27]. Охридската архиепископија надживеела многу територијални промени и владетелства. Разгледувајќи ги историографските факти на Охридската архиепископија пред доаѓањето на Османлиите, бележиме дека границите на нејзината диацеза постојано се менувале и зависеле од политичките прилики во регионот. Таа продолжила да функционира и по освојувањето на Византиската империја од страна на крстоносците во 1204 година, како и по српските освојувања на поголемиот дел од Македонија кон крајот на XIII и почетокот на XIV.[28] Значајно е да го споменеме и создавањето на Пеќската архиепископија во 1219 година од страна на свети Сава, кој целосно ја заобиколил Охридската архиепископија, иако епархиите на територијата на тогашната српска средновековна држава биле под јуриздикција на Охридската архиепископија[29]. Во тоа време Охридски архиепископ бил познатиот Димитар Хоматијан. Положбата на Охридската архиепископија се променила и во 1235 година со создавањето на Трновската патријаршија. Иако во намелена јуриздикција, Охридската архиепископија сè до нејзиното укинување во 1767 година таа успеала да го задржи својот автокефален статус. Особено наклонет кон Охридската архиепископија бил императорот Михаил VIII Палеолог, кој во 1273 година повторно ги востановил[30] повелбите на Василиј II со кои се зацврстиле нејзините привилегии[31].

По потпаѓањето под османлиска власт на Македонија, Охридскатата архиепископија останала единствена институција во која македонскиот народ гледал

[27] Иван Снегаров, *Историја на Охридската архиепископија-патријаршија*, том 2, Софија 1995, VI.

[28] Драган Зајковски, *По повод 250 години од укинувањето на Охридската архиепископија (1767-2017) и 50 години од прогласувањето на автокефалната Охридска архиепископија (1967-2017)*, Огледало, двоброј 8/9, 32.

[29] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје ,2018, 37.

[30] Царот Михаил Палеолог издал хрисовул за Архиепископијата во која Јустинијан и Василиј II се претставени како основачи на Охридската архиепископија. А според Табов, најзаслужен за симбиозата на титулите, односно легално поврзувањето и повикувањето на Охридската архиепископија со Јустинијана Прима бил императорот Мануил Комнен. Според Филарет Граниќ, доделувањето на привилегиите на Охридската архиепископија не било со императорски акт, како при основањето на Архиепископијата Јустинијана Прима, туку врз основа на формална интервенција на охридскиот архиепископ Јован.

[31] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје 2018, 38.

своја заштитничка и покровителка[32]. Охридскиот архиепископ Матеј успеал да го легитимира автокефалниот статус  пред османлиските власти[33], кои дури приспоиле дополнителни епархии кон јуриздикцијата на Охридската архиепископија. За периодот на османлиското ропство, Охридската архиепископија се наоѓала во тешка финансиска положба, поради која многу била влошена положбата на христијанското население во Македонија. Откако во 1557 година се обновила Пеќската патријаршија положбата на Архиепископијата почнала дополнително да ослабува[34], бидејќи нејзината територија била намалена[35]. Веќе во 1676 година за прв пат Константинополската патријаршија успеала да се смеша во внатрешното уредување на Архиепископијата, кое повеќе се засилило по смртта на архиепископот Григориј († 08 мај 1688). Тогаш настанала поделбата на високиот клир на две противположни партии: автохтона и фанариотска,[36] чии што веземни борби и несогласувања допринеле да биде укината Охридската архиепископија. Поделбата помеѓу архиереите како и тешката финансиска состојба довеле до неканонското укинување на Охридската архиепископија, кое се случило во 1767 година во времето на Константинополскиот патријарх Самоил Ханџери (1763-1768). Тој успеал да ја убеди Високата Порта дека Константинополската патријаршија единствено може да ги помири долговите на Охридската архиепископија. Така во Цариград под притисок Охридскиот архиепископ Арсениј (1763-1767) на 16 јануари 1767 година поднел писмена оставка[37] по што следело и османлиското ираде со кое било укината Охридската архиепископија. Султанот Мустафа III со своерачно потпишан хатишериф ги присоединил сите епархии на Охридската Архиепископија кон Константинополската Патријаршија и тоа без никакво право на жалба на одлуката[38].

По укинувањето на Охридската архиепископија следел многу тежок период за македонскиот православен народ, кој цели 200 години на најразлични начини се борел да ја возобнови својата црква Охридската архиепископија. За тој двовековен период,

[32] Јован Белчовски, *Автокефалност на Македонската православна црква*, Скопје, 1986, 67.
[33] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2018, стр. 46.
[34] Михаил Гогов, *Нашето Свето Православие (Кратка историја на Македонската православна црква)*, Скопје, 1996, 48.
[35] Јован Белчовски, *Епархиите на Охридската архиепископија во епохата на Турското владеење*, Годишен зборник на ПБФ, Скопје 1998, 39.
[36] Славко Димевски, *Црковна историја на Македонскиот народ*, Скопје, 1965, 82.
[37] Јован Белчовски, *Автокефалност на Македонската православна црква*, Скопје, 1986, 79.
[38] Михаил Гогов, *Нашето Свето Православие (Кратка историја на Македонската православна црква)*, Скопје, 1996, 54.

иако се случиле доста многу работи, но сепак и по толку време споменот на дејноста на Архиепископијата кај верниот народ не избледнал и покрај силното политичко и духовно ропство. Константинополската патријаршија започнало ново ситематско уредување на црковниот живот во македонските епархии соодветствено на нивните традиции, кои биле туѓи и неприфатливи за македонскиот народ. Назначиле архиереи со грчко потекло, а во богослужбите го внеле грчкиот јазик, кој не бил разбирлив за македонското население[39]. Со започнатите општествено –економски промени, кај христијанските народи се појавило преродбенското и националното-ослободителното движење, кое во Македонија било насочено кон целосна општествена и црковна слобода. Желбите и настојувањата за обновата на Охридската архиепископија биле тесно поврзани и со борбата за своја национална афирмација. До 1870 година скоро сите македонско црковно-училишни општини, заедно со нискиот домороден клир ја отфрлиле јуриздикцијата на Костантинополската патријаршија[40]. Борбата на македонскиот народ за црковна самостојност оделе до таму што некои црковно-училишни општини преминале во унија со Римокатоличката црква. Со појавата на Бугарската егзархија пред македонскиот народ се појавила двојна јуриздикција и настанало црковно двовластие во некои населени места. Македонскиот народ како против архиереите на Константиполската патријаршија, така својот глас го подигнал и против архиереите на Бугарската егзархија[41]. Во тој период значително се посветил да ја обнови Охридската архиепископија, скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов, кој што по неуспешните преговори со Костантинополската прариjаршија, на 4 декември 1891 година започнал преговори со Римокатоличката црква. Но и овој обид бил неуспешен, а митрополитот Теодосиј поради сите активности околу обновувањето на Охридската архиепископија под силен притисок од страна на бугарската Егзархија бил сменет од својата епархиска катедра[42].

По Илинденското востание (1903), нашите тогашни интелектуалци на Охридската архиепископија ѝ даваат централно место, барајќи нејзино обновување

---

[39] Славко Димевски, *Борбата за автокефалност на православните цркви во Европа создадени во XX век,* Скопје, 1979, 112.

[40] Дејан Борисов, *Македонска православна црква – Охридска архиепископија*, Огледало, двоброј 8/9, декември, 2017, 40.

[41] *Нашето црковно минато*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2018, 69-70

[42] Повеќе прочитај кај: Дејан Борисов, *Патот на обновата на Охридската архиепископија*, Јубилеен зборник на ПБФ, Скопје, 2017, 62-69.

како Македонска православна црква.[43] Неповолните политички услови за Македонија имаа негативни последици по однос на црковната состојба. Со поделбата на Македонија, по Балканските војни (1912-1913), на македонскиот народ му беа наметнати и црковните јурисдикции на соседните народи. Така, со одлука на Константинополскиот патријаршиски синод, донесена на 19 март 1920 година, епархиите од Вардарскиот дел на Македонија биле приклучени во состав на Српската православна црква, т.е. истите биле продадени. Другите македонски епархии биле разделени под грчка и бугарска црковна јурисдикција.

По Втората светска војна (1939-1945) и конституирањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација, се создале поволни услови за обновување на Охридската архиепископија. Уште во текот на Народноослободителната борба (НОБ) кај македонскиот народ силно на прв план биле националните цели: создавање на своја држава и црковно осамостојување. Со таа цел и многумина свештеници[44] активно се вклучиле во Народноослободителното движење и силно влијаеле на одлуката на Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (ГШ на НОВ и ПОМ), уште во текот на војната, на 11 октомври 1943 година, да формира Верско поверенство. Веднаш потоа во селото Издеглавје било одржано Свештеничко собрание и помеѓу другото била донесена одлука за отфрлање на секоја туѓа црковна јурисдикција.[45] Со одржувањето на Првото заседание на АСНОМ (02. 08. 1944) уште повеќе се засилил процесот за црковно осамостојување, па така во селото Горно Врановци истата година бил формиран Иницијативен одбор за организирање на црковниот живот во Македонија.

Иницијативниот одбор, на 4 и 5 март 1945 година во Скопје, го свикал Првиот македонски црковно-народен собор на кој, во присуство на 300 делегати (клир и лаос), била донесена Резолуција за обновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква. Српската православна црква[46] не ја прифатила Резолуцијата и се изјаснала дека не може да признае автокефалност. Така, следната година, на 9 и 10 мај 1946 година, во Скопје била одржана Свештеничката

[43] Димевски Славко, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје, 1989, 673.

[44] Види повеќе кај: Доне Илиевски, *Македонското православно свештенство во борбата за црковна и национална слобода на македонскиот народ*, Скопје.

[45] Михаил Гогов, *Нашето Свето Православие (Кратка историја на Македонската православна црква)*, Скопје, 1990, 42.

[46] Види повеќе кај: Ђоко Слијепчивић, *Историја Српске Православне Цркве*, том. 3, Келн, 1986.

конференција и била донесена нова Резолуција со која се барала самоуправност (автономија), но и таа не била прифатена од Светиот архиерејски синод на Српската православна црква.

Цела деценија продолжила борбата и барањата на македонското свештенство и народот за автокефално уредување на Охридската архиепископија, која конечно била обновена како Македонска православна црква во новосоздадената држава Народна Република Македонија на Вториот македонски црковно-народен собор, одржан во Охрид од 4 до 6 октомври 1958 година.[47] Во членот бр. 1 од Одлуката за возобновување на Светиклиментовата Охридска архиепископија се вели: „Овој црковно-народен собор решава да се обнови старата Македонска Охридска архиепископија која беше присилно укинета а и епархиите припоени кон Цариградската патријаршија во 1767 година и истата да носи назив „Македонска православна црква“[48]. За нејзин прв поглавар со титула Архиепископ Охридски и Скопски и Митрополит Македонски, бил избран Доситеј (Стојковски)[49]. На соборот биле донесени и следните одлуки: на Федеративна Народна Република Југославија се признава Српскиот патријарх за врховен црковен поглавар; потоа се пристапило кон избор на епископи: за Епископ Злетовско-струмички бил избран Тома Димовски (Наум), а за Охридско-битолски Никола Трајковски (Климент); во продолжение бил донесен и Уставот.[50] За овие соборски одлуки, на седницата одржана на 24 јуни 1959 година, се изјаснил Светиот архиерејскиот собор на Српската православна црква, кој одлучил (Одлука АС. број: 47/1959 и 6/1959 – запис 57 од 17/04 јуни 1959) дека „епархиите: Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка, на Црковно-народниот собор одржан од 4 до 6 октомври 1958 година во Охрид, се издвоиле во самостојна Македонска православна црква, која се управува по Уставот донесен на тој собор, а останува и понатаму во канонско единство со Српската православна црква преку нејзиниот поглавар“.[51]

---

[47] Драган Зајковски, *По повод 250 години од укинувањето на Охридската архиепископија (1767 – 2017) и 50 години од прогласувањето на автокефална Македонска православна црква (1967 – 2017)*, Гласник на ИНИ, број 1-2, Скопје, 2017.

[48] Јован Белчовски, *Автокефалност на Македонската православна црква*, Скопје, 1986, 149.

[49] Види повеќе кај: Доне Илиевски, *Архиепископ Охридски и Македонски Доситеј*, Скопје, 1995.

[50] Јован Белчовски, *Автокефалноста на Македонската православна црква*, Скопје 1986, 148-153.

[51] Вељко Ђурић Мишина, *Македонска православна црква*, објавено на: https://svetosavlje.org, пристапно на: https://svetosavlje.org/makedonska-pravoslavna-crkva/ (13. 11. 2017).

Со оваа одлука била прифатена обновата на Охридската архиепископија како самостојна (автономна)[52] Македонска православна црква и истата била потврдена со отслужување на заедничка Архиерејска Литургија со Српскиот Патријарх Герман (1958-1990) и неколку српски епископи, со Охридскиот Архиепископ Доситеј (1958-1981), на 10 јули 1959 во црквата „Свети Мина“ во Скопје, каде го хиротонисале Климент (1912-1979) за Епископ Охридско-битолски, а на 26 јули во црквата „Свети Никола“ во Штип го хиротонисале Наум (1912-1977 ) за Епископ Злетовско-струмички. За новонастанатата црковна состојба во Македонија, со писмо (Синодски број: 515/ 31 мај 1961) бил известен од страна на Српскиот Патријарх Герман и Константинополскиот Патријарх Атинагора (1948-1972). Во мај 1962 година во Охрид, по повод празникот Свети Кирил и Методиј, во црквата „Пресвета Богородица – Каменско“ била одржана Архиерејска Литургија, на која што служел Патријархот Московски Алексеј (1945-1970), во сослужение со Патријархот Српски Герман и Архиепископот Охридски Доситеј, со останатите присутни епископи.[53] На 13 март 1966 година бил хиротонисан за Епископ Методиј (Ѓорѓи Попоски) со титула Велички, со што Светиот архиерејски синод на Македонската  православна црква веќе имал четири епископи.

Во тие радосни моменти, кога се сметало дека македонскиот народ конечно го решил својот црковен проблем, сите очекувајќи дека сосема набрзо Српската православна црква ќе ја претстави Македонската православна црква за автокефална – се случило сосема спротивното – нови недоразбирања и судири со раководството на Српската православна црква[54], која во 1966 година на својот Свет архиерејски собор ја ревидирала својата одлука со која ја признава самостојноста на Македонската православна црква. Како реакција на новонастанатите случувања Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква испратил писмо (Синод број: 226/05 декември 1966) со барање за признавање на автокефален статус, но одговорот кој го добиле бил негативен и заканувачки кон епископатот. По ова бил свикан Третиот

[52] Самостојноста преведена на црковен јазик е поблиска до автокефалност отколку до автономност, но Српската православна црква самостојноста ја толкувала како автономија и така ја преставувала Македонската православна црква – Славко Димевски, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје, 1989, 1072.

[53] *Од историјата на Македонската православна црква*, објавено на: http://www.mpc.org.mk, пристапно на: http://www.mpc.org.mk/MPC/istorija.asp (14. 11. 2017).

[54] Славко Димевски, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје, 1989, 1070-1077.

македонски црковно-народен собор[55]. Непосредно пред соборот САС на МПЦ за архиереј го избрал и на Петровден 1967 година го хиротонисал во чин Епископ со титула Тивериополски г. Кирил (Поповски).

На Третиот македонски црковно-народен собор, кој се одржал во Охрид од 17 до 19 јули 1967 година македонскиот клир и верен народ ја донеле историската одлука за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква. Во членот 1 од Одлуката се вели: „Македонската православна црква – наследница на обновената Охридска архиепископија се прогласува автокефална“[56]. Со прогласувањето на автокефалноста на Третиот македонски црковно-народен собор конечно завршила 200-годишната одисеја на македонскиот народ за своја црковна самостојност, од 1767 година кога била укината Охридската архиепископија, па сè до 1967 година, кога Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква, од името на богоспасаемата паства, за доброто и преуспевањето на учењето на Спасителот наш Господ Исус Христос, ја прогласи автокефалноста на Македонската православна црква. Со овој настан заврши еден страдален дел од историјата и започна една нова етапа на воскресение и развој на црковниот живот во Република Македонија[57].

Но, за жал прогласената автокефалност не била прифатена од страна на Српската православна црква (СПЦ), која дури го прекинала литургиското општење со нашата помесна православна црква. Актот на СПЦ за прекин на литургиското општење со МПЦ бил прифатен и од сите Помесни православни цркви[58]. Неправедната изолацијата на нашата Света црква со останатите Цркви траеше цели 55 години сè до 2022 година кога беше признаена за канонска и беше примена во полно евхаристиско единство со останатите православни цркви[59]. Во тие 55 години, почнувајќи од 1967 до 2022 година, чекајќи го канонското признавање на својот автокефален статус, МПЦ се развиваше во континуитет. Се формираа нови епархии, се возобнови монаштвото, се оформија обрзовно-богословските институции, се изградија многу храмови и

[55] *Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)*, Скопје, 2004, 314-360.

[56] Доне Илиевски, *Автокефалноста на Македонската православна црква*, Скопје, 1972, 163

[57] Види повеќе кај: Јосиф Тодоровски, *Прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква на Третиот македонски црковно-народен собор*, Огледало, двоброј 8/9, декември 2017, стр. 14-21.

[58] Атанасиј Арсоски, *Осврт на минатогодишните настани (прв дел)*, Православен пат, број 48, Скопје, 2023, 17.

[59] За тие светли настани, види повеќе во: *Службен весник на МПЦ-ОА*, пригоден број, Скопје, 2022 година.

намастири, се изврши канонизација на светители, а она што е најважно се обнови литургискиот и духовниот живот.

На 12 ноември 2009 година, Македонската православна црква и во своето официјално име пред јавноста ја вклопи додавката Охридска архиепископија, истакнувајќи го повторно своето уставно право како директна наследничка на старата Охридска архиепископија. Покрај додавање на додавка, Македонската православна црква – Охридска архиепископија тогаш изврши и промени во грбот и знамето, односно наместо приказот на црквата „Пресвета Богородица – Перивлепта“, сега е црквата „Света Софија“ од Охрид, како седиште на архиепископите на Охридската архиепископија[60]. На Архиепископскиот црковно-народен собор во 2018 година одржан во Калишкиот манастир, МПЦ-ОА донесе одлука кон титулата на поглаварот да се додаде и додавката „и на Јустинијана Прима“[61], истакнувајќи ја повторно поврзаноста на Охридската архиепископија и црквата Јустинијана Прима, како и континуитетот на црковниот живот на македонскиоте простори, почнувајќи од апостолскиот период.

Македонската православна црква-Охридска архиепископија сѐ до денес, водена од рамноправноста, слободата и самобитноста на македонскиот народ, ја врши својата христијанска мисија согласно учењето и канонските прописи на Православната црква. Денес таа возоглавена од својот Престојател Архиепископот охридски и македонски и на Јустинијана Прва, г. г. Стефан во својата дијацеза вбројува 15 епархии, од кои 4 во дијаспората. Со нив управуваат 13 архиереи, кои се и членови на Светиот архиерејски синод. Освен нив, во редовите на МПЦ-ОА дејствуваат и 5 викарни епископи и 1 пензиониран митрополит. Моментално имаме околу 600 активни свештеници во околу 500 парохии, со повеќе од 2000 цркви и манастири. Во околу дваесетина живи манастири живеат над 150 монаси и монахињи во молитва и монашки подвиг, чувајќи го живото светоотечко Предание. Духовната компонента, која и денес ја негуваат монасите на МПЦ-ОА во нејзината автентичност сведочи за безвремената димензија на духовното на овие христијански предели. Средното богословско училиште и Православниот богословски факултет, пак, активно ја продолжуваат просветителската мисија на Охридската Светиклиментова школа, согласно со современите текови на

[60]*Додавка на името на МПЦ за прием во православниот свет?*, објавено на: www.slobodnaevropa.mk, пристапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/1847595.html (26. 01. 2024).

[61] *Потврда на историскиот и духовен континуитет на МПЦ-ОА*, објавено на: https://religija.mk, пристапно на: https://religija.mk/potvrda-na-istoriskiot-i-duhoven-kontinuitet-na-mpc-oa/ (26. 01. 2024).

теолошките науки, во апостолски дух. Изградени се стотици нови храмови, манастири, парохиски домови, развиена е мисионерската дејност преку секојдневното богослужение, издаваштвото и хуманитарните организации. Особено е важно да се спомнат и канонизациите на: Преподобните 40 Битолски новомаченици; на преподобните 3 Пречистански новомаченици; како и на новоканонизираните светители: Кипријан Слепчански; Гаврил Светогорец, епископ Велички, и на преподобниот отец наш Јоаникиј Ракотински, на светиот Јоаким Крчовски и на светиот Кирил Лешочки, кои потврдуваат дека Македонската православна црква – Охридска архиепископија е жива Црква.

Охридската архиепископија како контунуитет на Јустинијана Прима денес сјае во ликот на Македонската православна црква – Охридската архиепископија, која е нераскинлив дел од од едната, Света, Соборна и Апостолска Црква. По молитвите на светиот апостол Павле, на светиот Јустинијан и на светиот Климент Охридски и на сите македонски светители таа продолжува и во иднина да го шири христијанското слово помеѓу православниот народ, давајќи му светол пример и носејќи го секое нејзино чедо кон вистинскиот пат, кон патот на спасението и вечниот живот.